# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 15 јули 1966
Скопје
Број 22 Год. XXII

Претплатата за 1966 год. изнесува 45 (4.500) дин. Овој број чини 0,45 (45) дин. Жиро сметка бр. 401-1-698


**99.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија издавам

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗАПОСЛУВАЊЕТО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и финансирење на запослувањето,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на заедничката седница на Републичкиот собор и Стопанскиот собор одржана на 30 јуни 1966 година.

**У. бр. 24**
30 јуни 1966 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Видое Смилевски**, с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗАПОСЛУВАЊЕТО

Член 1

Во Законот за организацијата и финансирањето на запослувањето („Службен весник на СРМ“ бр. 35/65 год.) член 2 се менува и гласи:

„Општинска заедница може да се образува ако на подрачјето на општината односно на општините за кои заедницата се образува има најмалку 40.000 жители или просечно најмалку 5.000 запослени работници во годината“.

Член 2

Член 11 се менува и гласи:

„Општински завод може да се основа под условите определени за образување општинска заедница, доколку се обезбедени средства, соодветни стручни кадри и простории.

Средствата од претходниот став се обезбедени ако со придонесот за запослување и средствата од буџетот на општината се покриваат расходите за материјално обезбедување на незапослените и за работењето на заводот“.

Член 3

Член 14 се менува и гласи:

„Од средствата остварени од придонесот за запослување на подрачјето на општинската заедница се издвојува дел за заеднички работи на запослувањето на територијата на Републиката по единствена стопа што ја определува Собранието на Републичката заедница во согласност со Собранието на Социјалистичка Република Македонија“.

Член 4

По член 14 се додаваат два нови члена 14а и 14б кои гласат:

„Член 14а

Средствата за заеднички работи на запослувањето, во смисла на член 55 став 1 од Основниот закон, можат првенствено да се користат за:

— доделување на дополнителни средства за материјално обезбедување на општинските заедници чии средства од придонесот за запослување и од нивната резерва за материјално обезбедување не достигаат за покривање на трошоците за материјално обезбедување на незапослените;

— за подготвување на работните луѓе за запослување надвор од Републиката ако нивното запослување е обезбедено со договор.

Средствата за заеднички работи на запослувањето на општинските заедници им се доделуваат под услов ако износот на средствата за работа на заводот што општинската заедница го издвојува од придонесот за запослување не е поголем од стопата утврдена од Собранието на републичката заедница.

Висината на средствата што им се доделува на општинските заедници од заедничките средства на запослувањето ја утврдува Собранието на републичката заедница.

Член 14б

Собранието на Републичката заедница може да одлучи на општинската заедница да и се отстапат во целина или делумно средствата што таа е должна да ги издвојува за заеднички работи ако оцени дека средствата што ѝ остануваат по издвојување на средствата за заеднички работи на запослувањето не ќе бидат доволни за извршување на нејзините задачи“.

Член 5

Член 15 се брише.

Член 6

Член 16 се менува и гласи:

„Собранието на Републичката заедница издвојува резерва која не може да биде помала од 10% од средствата за заеднички работи на запослувањето наменети за доделување на општинските заедници.

Од средствата на резервата Собранието на Републичката заедница може дополнително да доделува средства на општинските заедници чии расходи за материјално обезбедување на незапослените

работници по завршната сметка се поголеми од расположивите средства и сопствената резерва.

При определување износот на средствата што се доделуваат на општинската заедница, се зема предвид и искористеноста на можностите за запослување на лицата што примаат материјално обезбедување".

Член 7

По член 31 се додаваат нови членови 31а, 31б, 31в кои гласат:

Член 31а

„Заедниците и заводите што не ги исполнуваат условите од член 1 и 2 на овој закон претстануваат со работа на 1 октомври 1966 година, кога престануваат и функциите на органите на управување. На тој ден престанува и мандатот на преставниците на собранијата на тие заедници во Собранието на Републичката заедница.

Престанокот на заедницата односно заводите се утврдува со акт на органот што го основал".

Член 31б

„Образувањето на новите општински заедници ќе се изврши до 1 октомври 1966 година.

Собранијата на новообразуваните општински заедници ќе ги определат своите претставници во Собранието на Републичката заедница најдоцна до 15 октомври 1966 година".

Член 31в

„Заводите што престануваат со работа ќе ги заклучат своите деловни книги на 1 октомври 1966 година.

Деловните простории, опремата и потрошниот материјал на заводите од претходниот став, врз основа на примопредаен биланс, како и несвршените предмети и архивата ќе ги преземе заводот кој е основан за тоа подрачје".

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**100.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА ИСТРАЖУВАЧКИ РАБОТИ ВО РУДАРСТВОТО

Се прогласува Законот за Републичкиот фонд за истражувачки работи во рударството,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на заедничката седница на Републичкиот собор и Стопанскиот собор одржана на 30 јуни 1966 година.

У. бр. 25
30 јуни 1966 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Видое Смилевски**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА ИСТРАЖУВАЧКИ РАБОТИ ВО РУДАРСТВОТО

Член 1

Републички фонд за истражувачки работи во рударството (Фонд) основан со Законот за Републичкиот фонд за истражувачки работи во рударството „Службен весник на НРМ" бр. 11/63) ги финансира истражувачките работи во рударството.

Член 2

Фондот има својство на правно лице.

Седиштето на Фондот е во Скопје

Член 3

Приходите на Фондот се образуваат од:

— средствата на Републиката наменети за инвестиции во стопанството;

— средствата од републичкиот буџет;

— заеми и кредити;

— отплата на заемите дадени од фондот со обврска за враќање;

— средствата остварени од продажба на минералните суровини извадени при истражувачките работи што Фондот ги финансира, по одбивање на трошоците за нивното продавање; и

— други средства.

Член 4

Од средствата на фондот се финансираат геолошки, рударски, технолошки и научно-истражувачки работи во рударството, како и изработувањето на геолошки карти.

Средствата на Фондот првенствено се употребуваат за финансирање на истражувачки работи на подрачја што се наоѓаат надвор од експлоатационите полиња на работните организации.

Од средствата на Фондот можат да се финансираат и истражувачки работи во експлоатационите полиња на работните организации под условите утврдени со статутот на Фондот.

Член 5

Средствата на Фондот се утврдуваат и распоредуваат со финансискиот план.

Финансискиот план на Фондот се поднесува на согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 6

Средствата на Фондот можат да ги користат општествено-политичките заедници и работните организации во вид на кредит или без обврска за враќање.

Условите за доделување на средствата од Фондот се утврдуваат со статутот на Фондот.

Член 7

Средствата на Фондот можат да се користат само за намената за која се дадени.

За користењето на средствата се склучува договор. Во договорот за користење на средствата може да се предвиди прекинување на натамошното исплатување на средствата односно враќање на доделените средства, ако тие се користат спротивно на намените за кои се доделени.

Член 8

Со Фондот управуваат управен одбор и директор.

Член 9

Управниот одбор има најмалку 7 членови што ги именува Извршниот совет.

Мандатот на членовите на управниот одбор трае четири години. Секои две години се именува половината од членовите на Управниот одбор.

Исто лице не може двапати едноподруго да биде именувано за член на управниот одбор.

Со првиот акт за именување членови на управниот одбор се определуваат членовите на кои мандатот им трае две години.

Член 10

Управниот одбор:

1. донесува статут на Фондот,
2. донесува финансиски план и завршна сметка на Фондот,
3. одлучува за давање на средствата од Фондот,
4. одлучува за задолжување на Фондот,
5. го следи користењето на одобрените средства од Фондот,
6. врши и други работи определени со статутот на Фондот.

Член 11

Директорот на Фондот го именува и разрешува Извршниот совет.

Член 12

Директорот го претставува и застапува Фондот и се грижи за спроведување на одлуките на управниот одбор.

Директорот е наредбодател за извршување на финансискиот план на Фондот и ги склучува договорите со корисниците на средствата од Фондот.

Член 13

Со финансискиот план се определува делот на средствата на Фондот за подмирување на потребите на работењето на Фондот.

Член 14

Организацијата и работењето на Фондот ќе се сообразат со одредбите на овој закон во рок од 6 месеци од неговото влегување во сила.

Член 15

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за републичкиот фонд за истражувачки работи во рударството („Службен весник на НРМ" број 11/63 и „Службен весник на СРМ" бр. 15/65).

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**101.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија издавам

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УКИНУВАЊЕ ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ИЗГРАДБА НА АВТОПАТОТ „БРАТСТВО-ЕДИНСТВО"

Се прогласува Законот за укинување Дирекцијата за изградба на автопатот „Братство-Единство", што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на заедничката седница на Републичкиот собор и Стопанскиот собор одржана на 30 јуни 1966 година.

У. бр. 22
30 јуни 1966 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Видое Смилевски, с. р.**

## ЗАКОН
### ЗА УКИНУВАЊЕ ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ИЗГРАДБА НА АВТОПАТОТ „БРАТСТВО-ЕДИНСТВО"

Член 1

Дирекцијата за изградба на делот од автопатот „Братство-Единство" во Народна Република Македонија (Дирекција) основана со Уредбата за основање на Дирекцијата за изградба на делот од автопатот „Братство-Единство" во Народна Република Македонија („Службен весник на НРМ" бр. 32/58 и 15/62) се укинува.

Дирекцијата престанува со работа на 1-VII-1966 година.

Член 2

Се овластува Извршниот совет да образува комисија и да ги определи роковите во кои комисијата ќе ги утврди материјално-финансиските права и обврски на Дирекцијата и ќе ја состави завршната сметка на Дирекцијата.

Извршниот совет ќе ги преземе преостанатите материјално-финансиски обврски на Дирекцијата и ќе го распореди нејзиниот имот.

Член 3

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Уредбата за основање на Дирекцијата за изградба на делот од автопатот „Братство-Единство" во Народна Република Македонија „Службен весник на НРМ" бр. 32/58).

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**102.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија издавам

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СТОПАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗАПОСЛУВАЊЕТО

Се прогласува Законот за определување стопата на придонесот за запослувањето,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на заедничката седница на Републичкиот собор и Стопанскиот собор одржана на 30 јуни 1966 година.

У. бр. 23/66
30 јуни 1966 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Видое Смилевски, с. р.**

## ЗАКОН
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СТОПАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗАПОСЛУВАЊЕТО

Член 1

Стопата на придонесот за запослувањето изнесува 0,75% од основицата според која се пресметува придонесот за социјално осигурување.

Член 2

Стопата на придонесот за запослувањето за периодот од 1 јануари до 30 јуни 1966 година изнесува 1% од основицата според која се пресметува придонесот за социјално осигурување.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а член 1 од Законот ќе се применува од 1 јуни 1966 година.

---

**103.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија издавам

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВОТО НА ПОМОШ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО ЧИЈ ХРАНИТЕЛ Е НА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ВОЕНА СЛУЖБА

Се прогласува Законот за поблиските услови за остварување правото на помош на членовите на семејството чиј хранител е на задолжителна воена служба,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Социјално-здравствениот собор одржана на 19 мај 1966 година и на седницата на Републичкиот собор одржана на 30 јуни 1966 година.

У. бр. 27/66
30 јуни 1966 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Видое Смилевски**, с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВОТО НА ПОМОШ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО ЧИЈ ХРАНИТЕЛ Е НА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ВОЕНА СЛУЖБА

Член 1

Членовите на семејството чиј хранител се наоѓа на отслужување на воениот рок или на друга задолжителна воена служба во Југословенската народна армија (членови на семејството) правото на помош од Основниот закон за помошта на членовите на семејството чиј хранител е на задолжителна воена служба (Основен закон — „Службен лист на СФРЈ" број 13/65) го остваруваат под условите во обемот и во висината пропишани со овој закон.

Член 2

Се смета дека хранителот што се наоѓа на задолжителна воена служба ги издржувал членовите на семејството и дека членовите на семејството немаат доволно средства за издржување, ако членот на семејството со хранителот до неговото стапување на задолжителна воена служба, живеело во едно домаќинство и ако:

1. основицата на придонесот од личен доход од земјоделска дејност на семејството на хранителот не изнесува повеќе од 200 динари годишно по член на семејството;

2. висината од друг редовен приход не изнесува повеќе од 120 динари месечно по член на семејството;

3. збирот од месечниот износ на личниот доход од земјоделската дејност помножен со факторот 7,2 и месечниот износ од друг редовен приход не изнесува повеќе од 120 динари месечно по член на семејството.

Се смета дека хранителот што се наоѓа на задолжителна воена служба го издржувал членот на семејството кој со хранителот до неговото стапување на задолжителна воена служба не живеел во едно домаќинство и дека членот на семејството нема доволно средства за издржување, ако тој не остварува личен доход од земјоделска дејност или од друг редовен приход во износи утврдени во претходниот став и ако хранителот до неговото стапување на задолжителна воена служба му обезбедувал средства за издржување во износ од најмалку 50 динари месечно.

Како друг редовен приход, во смисла на претходните ставови не се сметаат инвалиднината, додатокот за нега и помош од друго лице и ортопедскиот додаток што се исплатуваат според прописите за воените инвалиди од војните, примањата по основот на одликувања и „Партизанска споменица 1941", додатокот на деца и социјалната помош.

Член 3

За утврдување висината на приходите од самостојно занимање се зема износот на доходот од изминатата година, а за личен доход од земјоделска дејност и за другите доходи се земаат износите на денот на поднесувањето барањето за помош.

Како доход од земјоделска дејност се смета катастарскиот приход.

Член 4

Паричната помош се состои од основна помош и додаток за членовите на семејството.

Основната помош се доделува само на еден член на семејството (носител на правото) кој се определува според редоследот утврден во чл. 2 од Основниот закон.

Додатокот за членовите на семејството не им припаѓа на децата за кои се остварува додаток на деца.

Член 5

Членовите на семејството чиј хранител до стапувањето на задолжителна воена служба се наоѓал во работен однос имаат право на месечна основна помош во износ од:

1. 150 динари месечно ако домаќинството нема доход од земјоделска дејност ниту други приходи;

2. 120 динари месечно ако доходот од земјоделска дејност и другите редовни приходи вкупно не изнесуваат повеќе од 30 динари месечно по член на домаќинството;

3. 90 динари месечно ако доходот од земјоделска дејност и другите редовни приходи изнесуваат вкупно повеќе од 30 динари, но не повеќе од 60 динари месечно по член на домаќинство;

4. 60 динари месечно ако доходот од земјоделска дејност и другите редовни приходи изнесуваат вкупно повеќе од 60 динари, но не повеќе од 90 динари месечно по член на домаќинството;

5. 30 динари месечно ако доходот од земјоделска дејност и други редовни приходи изнесуваат вкупно повеќе од 90 динари, но не повеќе од 120 динари месечно по член на домаќинството.

Додатокот за другите членови на семејството неспособни за стопанисување изнесува месечно:

— за еден член 30 динари;

— за двајца членови 60 динари;

— за тројца и повеќе членови 80 динари.

Член 6

На членовите на семејството, чиј хранител пред стапување на задолжителна воена служба не бил во работен однос, паричната помош им се определува според одредбите на член 5 од овој закон, со тоа што износите на основната помош се намалува за 20 динари, а додатокот за членовите на семејството за по 10 динари месечно.

Член 7

Паричната помош (основната и додатокот) им припаѓа на рамни делови на сите уживатели што живеат во заедничко домаќинство.

Ако право на парична помош имаат членови на семејството што живеат одделно, помошта се определува како да живеат во едно домаќинство и им се исплатува на рамни делови.

Член 8

Членовите на семејството што оствариле право на парична помош имаат право и на здравствена заштита која го опфаќа:

1. лекарскиот преглед и лекувањето во здравствена установа и во станот на болниот;

2. давањето лекови и други лековити средства и санитетски материјал потребен за лекување;

3. лекарската и друга помош пред, за време и по породувањето во здравствена установа и во станот на родилката;

4. негата на заби (вадење, лекување и пломбирање).

Децата на хранителот имаат право и на ортопедски помагала, забни протези и очила.

Член 9

Здравствената заштита се остварува врз основа на посебен документ, што го издава органот на управата на општинското собрание надлежен за работите на социјалната заштита.

Постапката за остварувањето на здравствената заштита и вид на документот ќе го пропише републичкиот секретар за народно здравје и социјална политика.

Член 10

Одредбите на член 5 и 6 од овој закон ќе се применуваат од 8 април 1965 година.

Паричните помошти што на членовите на семејството на хранителот им се исплатувани за времето по 8 април 1965 година во вид на аконтација ќе се преведат на нови износи според одредбите на овој закон.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**104.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија издавам

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1965 ГОДИНА

Се прогласува Законот за завршната сметка за извршување на Републичкиот буџет за 1965 година, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на заедничката седница на Републичкиот собор и Организационо-политичкиот собор одржана на 16 јуни 1966 година.

У. бр. 26/66
17 јуни 1966 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Видое Смилевски**, с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1965 ГОДИНА

Член 1

Остварените приходи и извршениот распоред на приходите по Републичкиот буџет за 1965 година изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| вкупен износ на остварените приходи според билансот на буџетот . . . . . . . . | 25.532.899.474 | с. динари |
| вкупен износ на извршениот распоред на приходите според билансот на буџетот . . . | 25.532.743.748 | „ |
| разлика меѓу вкупно остварените приходи и вкупно извршениот распоред на приходите според билансот на буџетот . . . . . . . . | 155.726 | „ |
| непотрошениот дел на средствата за вршење на редовната дејност на органите на управата што се пренесува во буџетот . . . . . . . . | 1.884.233 | „ |
| непотрошениот дел на средствата на посебни сметки што по истекот на годината се пренесуваат во буџетот . . . | — | „ |
| вкупно остварен вишок на приходите . . . . . . . | 2.039.959 | „ |

Член 2

Вишокот на приходите во износ од 155.726 стари динари се внесува во Резервниот фонд на Социјалистичка Република Македонија а износот од 1.884.233 стари динари се пренесува во Републичкиот буџет за 1966 година.

Член 3

Прегледот на извршувањето на билансниот дел на буџетот е составен дел на овој закон.

Член 4

Предвидениот и извршениот распоред на приходите искажан во посебниот дел на завршната сметка за извршување на Републичкиот буџет за 1965 година, ќе се објави како посебен додаток на „Службен весник на СР Македонија" во бројот во кој ќе се објави овој закон и претставува составен дел на овој закон.

Прегледот на неизмирените обврски претставува составен дел на завршната сметка на буџетот.

Член 5

Завршната сметка на буџетот како посебни прилози содржи:

1. завршните сметки на органите на управата;

2. завршната сметка на Резервниот фонд на Социјалистичка Република Македонија;

3. збирни прегледи од завршните сметки на органите на управата:

— збирен преглед на остварените и користените средства за работа на органите на управата;

— збирен преглед на запослените работници и личните доходи на работниците во органите на управата.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

## ПРЕГЛЕД НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА БИЛАНСНИОТ ДЕЛ НА БУЏЕТОТ И ПРИХОДИ ВО БИЛАНСОТ НА БУЏЕТОТ

| Форма на приходите | Потформа на приходите | ВИД НА ПРИХОДИ | Реден број | Предвидено според буџетот | Предвидено според ребалансите на буџетот и дополнителните измени | Остварено |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | ВИД 1. ПРИДОНЕСИ | | | | |
| 11 | 111 | Придонес од личниот доход од работен однос во стопанството | 001 | 6.909.040.000 | 4.525.000.000 | 4.487.199.09 |
| | 112 | Придонес од личниот доход од работен однос надвор од стопанството | 002 | 3.402.960.000 | 2.230.773.000 | 2.102.782.56 |
| 12 | | Придонес од личниот доход од земјоделска дејност | 003 | 1.100.000.000 | 1.100.000.000 | 930.012.31 |
| | | ВКУПНО ВИД 1 ПРИДОНЕСИ (001 003) | 012 | 11.412.000.000 | 7.855.773.000 | 7.519.993.98 |
| | | ВИД 2. ДАНОЦИ | | | | |
| 21 | 213 | Данок на промет на стоки на мало | 015 | — | 2.800.000.000 | 2.055.420.01 |
| | | ВКУПНО ВИД 2 ДАНОЦИ (015) | 022 | — | 2.800.000.000 | 2.055.420.01 |
| | | ВИД 6. ПРИХОДИ НА ОРГАНИТЕ И ДРУГИ РАЗНИ ПРИХОДИ | | | | |
| 63 | | Други приходи | 037 | 15.000.000 | 15.000.000 | 139.867.73 |
| | | ВКУПНО ВИД 6. ПРИХОДИ НА ОРГАНИТЕ И ДРУГИ РАЗНИ ПРИХОДИ | 038 | 15.000.000 | 15.000.000 | 139.867.73 |
| | | ВИД 7. ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА | | | | |
| 71 | 712 | Општи дополнителни средства во определен износ | 040 | 15.000.000.000 | 15.687.500.000 | 15.687.000.000 |
| | | ВКУПНО ВИД 7. ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА (040) | 043 | 15.000.000.000 | 15.687.500.000 | 15.687.000.000 |
| 83 | | ВИД 8. ПРЕНЕСЕНИ СРЕДСТВА ВРАЌАЊЕ НА ИСПЛАТИТЕ ИЗВРШЕНИ ВО ПОРАНЕШНИТЕ ГОДИНИ | 046 | 35.000.000 | 35.000.000 | 130.617.733 |
| | | ВИД 8. ПРЕНЕСЕНИ СРЕДСТВА (046) | 048 | 35.000.000 | 35.000.000 | 130.617.733 |
| | | ВКУПНО ПРИХОДИ ЗА РАСПОРЕД (ВИД 1 ДО 9) | 050 | 26.462.000.000 | 26.393.273.000 | 25.552.599.474 |

## II РАСПОРЕД НА ПРИХОДИТЕ

| Распоредна група | Распоредна подгрупа | РАСПОРЕД НА ПРИХОДИТЕ | Реден број | Предвидено според буџетот | Предвидено според ребалансот на буџетот и дополнителните измени | Извршено |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 01 — ДЕЈНОСТ УЧИЛИШТЕ | | | | |
| 01-1 | | Средства распоредени во процент од сите или од одделни приходи | 051 | 3.593.783.760 | 3.367.903.000 | 3.190.026.244 |
| 01-2 | 01-2-1 | Средства распоредени во определен износ за редовна дејност | 052 | 16.561.000 | 16.561.000 | 15.480.000 |
| | 01-2-2 | Средства распоредени во определен износ за посебни намени (освен за инвестиции) | 053 | 3.350.000 | 2.350.000 | 129.407 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНАТА НАМЕНА 01/051 до 053 | 054 | 3.613.964.760 | 3.386.814.000 | 3.205.635.651 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 02 — НАУЧНА И КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНА ДЕЈНОСТ | | | | |
| 02-1 | | Средства распоредени во процент од сите или одделни приходи | 055 | 819.322.880 | 857.520.000 | 810.725.193 |
| 02-2 | 02-2-1 | Средства распределени во определен износ за редовна дејност | 056 | 908.810.000 | 1.039.096.000 | 1.032.425.550 |
| | 02-2-2 | Средства распоредени во определен износ за посебни намени (освен за инвестиции) | 057 | 383.610.000 | 190.310.000 | 159.306.142 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНАТА НАМЕНА 02 (055 до 057) | 058 | 2.111.742.880 | 2.086.926.000 | 2.002.456.885 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 03 СОЦИЈАЛНИ ГРИЖИ | | | | |
| 03-2 | 03-2-1 | Средства распоредени во определен износ за редовна дејност | 060 | 372.980.000 | 363.263.000 | 363.263.000 |
| | 03-2-2 | Средства распоредени во определен износ за посебни намени (освен за инвес.) | 061 | 265.580.000 | 268.180.000 | 253.320.832 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНАТА НАМЕНА 03 (060 до 061) | 062 | 638.560.000 | 631.443.000 | 616.583.832 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 04 ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА | | | | |
| 04-2 | 04-2-2 | Средства распоредени во определен износ за посеб. намени (освен за инвестиц.) | 065 | 236.200.000 | 257.030.000 | 213.639.222 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНАТА НАМЕНА 04 (065) | 066 | 236.200.000 | 257.030.000 | 213.639.222 |
| 05-1 | | ОСНОВНА НАМЕНА 05 КОМУНАЛНА ДЕЈНОСТ ОРГАНИ | | | | |
| | | Средства распоредени во процент од сите или од одделни приходи | 067 | 873.731.040 | 842.211.000 | 781.162.967 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНАТА НАМЕНА 05 (067) | 070 | 873.731.040 | 842.211.000 | 781.162.967 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 06 РАБОТА НА ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ | | | | |
| 06-2 | 06-2-1 | Средства распоредени во определен износ за редовна дејност | 072 | 5.684.746.000 | 5.785.578.000 | 5.747.508.124 |
| | | Средства распоредени во определен износ за посебни намени (освен за инвестиции) | 073 | 954.793.000 | 942.685.000 | 932.715.835 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНАТА НАМЕНА 06 | 074 | 6.639.539.000 | 6.728.263.000 | 6.680.223.959 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 08 ФИНАНСИРАЊЕ НА ОКОЛИИТЕ И АВТОНОМНИТЕ ПОКРАИНИ | | | | |
| 08 | 08-1-2 | Средства распоредени во процент од сите или од одделни приходи за околиите | 077 | 1.751.000.000 | 1.534.000.000 | 1.403.315.707 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНАТА НАМЕНА 08 (077) | 080 | 1.751.000.000 | 1.534.000.000 | 1.403.315.707 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 09 — ОПШТИ ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА ЗА ПОТЕСНИ ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ ЗАЕДНИЦИ | | | | |
| 09-1 | | Средства распоредени во определен износ | 082 | 7,227.000.000 | 7.775.237.000 | 7.775.237.000 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНАТА НАМЕНА 09 (082) | 083 | 7.227.000.000 | 7.775.237.000 | 7.775.237.000 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 12 ДЕЈНОСТИ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИТЕ | | | | |
| 12-2 | | Средства распоредени во определен износ | 091 | 1.002.520.000 | 1.059.500.000 | 1.035.823.753 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНАТА НАМЕНА 12 (091) | 091 | 1.002.520.000 | 1.059.500.000 | 1.035.823.753 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 13 НЕСТОПАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ | | | | |
| 13-1 | | Средства распоредени во процент од сите или од одделни приходи | 093 | 1.079.767.385 | 730.000.000 | 686.901.502 |
| 13-2 | | Средства распоредени во определен износ | 094 | 43.500.000 | 63.500.000 | 30.522.826 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНАТА НАМЕНА 13 (093 и 094) | 095 | 1.123.267.385 | 793.500.000 | 717.424.328 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 14 ИНТЕРВЕНЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО | | | | |
| 14-2 | | Средства распоредени во определен износ | 097 | 526.000.000 | 378.500.000 | 342.085.604 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНАТА НАМЕНА 14 (097) | 098 | 526.000.000 | 378.500.000 | 342.085.604 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 15 ИЗДВОЈУВАЊЕ ВО РЕЗЕРВНИОТ ФОНД И ЗА ПОСЕБНАТА БУЏЕТСКА РЕЗЕРВА | | | | |
| 15-1 | | Средства распоредени во процент од сите или од одделни приходи | 099 | 191.600.000 | 352.500.000 | 326.552.657 |
| | | ВКУПНО ОСНОВНАТА НАМЕНА (099) | 101 | 191.600.000 | 352.500.000 | 326.552.657 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 16 БУЏЕТСКИ ОБВРСКИ ОД ПОРАНЕШНИТЕ ГОДИНИ | | | | |
| 16-2 | | Средства распоредени во определен износ | 102 | 57.000.000 | 57.000.000 | 32.337.896 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 17 ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО | | | | |
| 17-2 | | Средства распоредени во определен износ | 103 | 70.000.000 | 150.000.000 | 89.410.847 |
| | | ОСНОВНА НАМЕНА 18 НЕРАСПОРЕДЕНИ ПРИХОДИ (ТЕКУШТА БУЏЕТСКА РЕЗЕРВА) | | | | |
| 18-2 | | Средства распоредени во определен износ | 104 | 400.144.935 | 360.349.000 | 310.853.440 |
| | | ВКУПНО РАСПОРЕДЕНИ ПРИХОДИ (ОСНОВНИТЕ НАМЕНИ 01-019) | 106 | 26.462.000.000 | 26.393.273.000 | 25.532.743.748 |

**105.**

Врз основа на член 108 од Основниот закон за финансирање на општествено-политичките заедници („Службен лист на СФРЈ“ бр. 31/64), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 30 јуни 1966 година, и на седницата на Стопанскиот собор одржана на 30 јуни 1966 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ИЗНОС ОД 69.350.000 ДИНАРИ

1. Се задолжува Социјалистичка Република Македонија кај Стопанската банка во Скопје со износ од 69.350.000 динари од средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање стопанскиот развиток на стопански недоволно развиените републики и краишта. Овие средства ќе се употребат како учество по кредитот за изградба на Рудници и железарница „Скопје“ — траншa за 1966 година.

2. Кредитот од претходната точка на оваа одлука Стопанската банка ќе го даде на користење на Рудници и железарница „Скопје“.

3. Кредитот од точка 1 на оваа одлука се одобрува со рок на отплата од 25 години и каматна норма од 4% годишно, а ќе се отплатува во полугодишни ануитети од средствата на Рудници и железарница „Скопје“.

4. Се овластува Републичкиот секретар за финансии со Стопанската банка да го склучи договорот за кредит од точка 1 на оваа одлука.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 18
30 јуни 1966 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

---

**106.**

Врз основа на член 108 од Основниот закон за финансирање на општествено-политичките заедници („Службен лист на СФРЈ“ бр. 31/64), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 30 јуни 1966 година, и на седницата на Стопанскиот собор одржана на 30 јуни 1966 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ИЗНОС ОД 8.118.000 ДИНАРИ

1. Се задолжува Социјалистичка Република Македонија кај Стопанската банка во Скопје со износ од 8.118.000 динари од средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање на стопанскиот развиток на стопански недоволно развиените републики и краишта. Овие средства ќе се употребат како 15% учество на Републиката во трошоците за изградба на долниот строј на железничката пруга Гостивар — Кичево, делниците Гостивар — Зајас и тунелот „Буковиќ“.

2. Кредитот од претходната точка Стопанската банка ќе го даде на користење на Железничкото транспортно претпријатие — Скопје, а ќе се отплатува од средствата на Социјалистичка Република Македонија за инвестиции во стопанството.

3. Условите на кредитот од точка 1 на оваа одлука Стопанската банка дополнително ќе ги утврди во согласност со условите што ќе ги одреди Фондот на Федерацијата за кредитирање на стопанскиот развиток на стопански недоволно развиените републики и краишта.

4. Се овластува Републичкиот секретар за финансии со Стопанската банка да го склучи договорот за кредитот од точка 1.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 24
1 јули 1966 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

---

**107.**

Врз основа на член 108 од Основниот закон за финансирање на општествено-политичките заедници („Службен лист на СФРЈ“ бр. 31/64), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 30 јуни 1966 година, и на седницата на Стопанскиот собор одржана на 30 јуни 1966 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ИЗНОС ОД 1.781.000 ДИНАРИ

1. Се задолжува Социјалистичка Република Македонија кај Стопанската банка во Скопје со износ од динари 1.781.000.— од средствата на Фондот за обнова и изградба на Скопје. Овие средства ќе се употребат за изготвување на економско-техничка документација за изградба на објекти за натамошна финализација на производството на Рудниците и железарницата „Скопје“.

2. Кредитот од претходната точка Стопанската банка ќе го даде на користење на Рудници и железарница „Скопје“.

3. Кредитот од точка 1 на оваа одлука се одобрува со рок на отплата од 5 години и каматна норма 5% годишно, а ќе се отплатува во полугодишни ануитети од средствата на Рудници и железарница „Скопје“.

4. Се овластува републичкиот секретар за финансии со Стопанската банка да го склучи договорот за кредитот од точка 1 на оваа одлука.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 25
1 јули 1966 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

---

**108.**

Врз основа на член 14 од Законот за стопанските судови во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 42/65), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 30 јуни 1966 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ БРОЈОТ НА СУДИИТЕ И СУДИИТЕ-ПОРОТНИЦИ ВО ВИШИОТ СТОПАНСКИ СУД ВО СКОПЈЕ И ВО ОКРУЖНИТЕ СТОПАНСКИ СУДОВИ

I

Бројот на судиите во Вишиот стопански суд во Скопје, вклучувајќи го и претседателот, се утврдува на 7, а на судиите поротници на 100.

II

Бројот на судиите во окружните стопански судови, вклучувајќи ги и претседателите на судовите, се утврдува во:

1. Окружниот стопански суд во Битола на 5;
2. Окружниот стопански суд во Скопје на 12;
3. Окружниот стопански суд во Штип на 3.

III

Бројот на судиите-поротници во окружните стопански судови се утврдува во:

1. Окружниот стопански суд во Битола на 70;
2. Окружниот стопански суд во Скопје на 150;
3. Окружниот стопански суд во Штип на 90.

IV

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи точка II од Одлуката за утврдување бројот на судиите во Врховниот суд на НРМ, Вишиот стопански суд на НРМ, окружните и окружните стопански судови во НРМ („Службен весник на НРМ" бр. 20/60) и точката 2 од Одлуката за утврдување бројот на судиите во окружните и окружните стопански судови во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 4/65).

V

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 20
1 јули 1966 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
